ЌОР - ЗБОР
**АЛЕКСАНДАР ТОРТЕВСКИ**



ДЕНЕШНАВА ДОГОВОРНА ПРАВДА Е ОСТАТОК ОД НЕКОГАШНАТА ДОГОВОРНА ЕКОНОМИЈА.

ЌОР - ЗБОР
**ФРАНЕК РОЗВАДОВСКИ**



ВАШИОТ РАЗВОЈ Е ОБРАТНОПРОПОРЦИОНАЛЕН ВО ОДНОС НА КРАЖБИТЕ НА ДАДЕНИТЕ КРЕДИТИ.

## ЛЕЛЕЕЕЕЕ...ЛЕЦ - БОМБИЦИ

- На добар пат сме, рекоа алпинистите пред понорот.
- Народе, тешко дишеш! Симни ја маската од лицето.
- Не ја зборуваат вистината. Да не им се врати како бумеранг.
- Судирот меѓу власта и интелигенцијата е очигледен. Првото го исклучува второто.
- Владата има добри програми. Проблемот е во тоа што можат само да се гледаат.



ВО ДРЖАВАВА "ОСИТЕ" И ТРУТОВИТЕ СЕ НА ЦЕНА!

## ВИЦОТЕКА

На премиерот на сон му се јавил другарот Тито и почнал да го потпрашува:

- Па, Македонец како оди, имаш ли проблеми?

- Имам море колку сакаш, сите се на улица и нешто бараат. Кажете ми како излегувате на крај со војската, полицијата, работниците, со пензионерите?!

- Ех, па вака ќе направиш. Војската испрати ја како помош на американската, полицијата испрати ја да ги среди работниците и ќе видиш дека веднаш сè ќе се среди.

- А со пензионерите што да правам?

- За нив ич да не се секираш, нив испрати ги кај мене.

## МАКЕДОН




БРАНКА и МИРО